# ПРАКТИЧНАТА НАСТАВА – ЗНАЧАЕН СЕГМЕНТ ОД СТУДИСКАТА ПРОГРАМА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

Практичната настава претставува значаен сегмент од студиската програма на Институтот за педагогија и е интегрирана како во рамки на одделни наставни предмети. Нејзината основна цел е студентите да стекнат непосредно искуство во воспитно-образовната практика, да ги применат стекнатите теоретски знаења во реални професионални услови и да развијат компетенции за работа во педагошки и андрагошки установи.

За секоја реализирана практична настава студентите водат **Дневник** за изведување на практична настава, во кој систематски ги документираат активностите, набљудувањата, стекнатите сознанија и личните рефлексии од престојот во установата. Дневникот претставува важен инструмент за следење и вреднување на практичната работа, бидејќи овозможува увид во степенот на ангажираност на студентите, нивната способност за анализа на воспитно-образовниот процес и примената на теоретските знаења во практиката. Воедно, тој служи како основа за менторско следење и оценување на успешноста на реализираната практична настава.

Асистент м-р Ангела Икономоска

| **Институции** | **Ментори** |
|---|---|
| **Предучилишни:**<br><br>ЈУДГ ОЦ „13 Ноември“, Објект Парк | Проф. д-р Лена Дамовска |
| **Училишни:**<br><br>ООУ. Христијан Тодоровски Карпош – Скопје<br><br>ООУ. Димо Хаџи Димов – Скопје<br><br>ООУ. Владо Тасевски – Скопје<br><br>ООУ. Кирил и Методиј - Скопје | Проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ<br>Асс. м-р Ангела Икономоска Нечаковска |
| **Андрагошки:**<br><br>КПУ Затвор Скопје – Скопје<br><br>ЈУ Центар за образование на возрасните | Проф. д-р Елена Ризова |